Во правосудниот систем е-правдата влегува на голема вратаа

ЕУ како алтернатива ја препорачува и можноста за решавање на споровите преку Интернет, особено оние од трговското и од потрошувачкото право

е-Правдата е иднината на правосудните системи и следниот тренд по кој ќе функционираат современите правни системи, сметаат експертите што учествуваа на конференцијата посветена на е-правдата што неодамна се одржа во францускиот град Стразбур. Стручната конференција беше организирана од страна на Европската комисија за ефикасност на правдата (CEPEJ) во соработка со францускиот Институт за високи студии по правда и Лабораторијата за сајбер-правда од Монтреал.

- е-Правдата како поим означува примена на технологијата во правосудството и нејзината клучната цел е олеснетиот пристап до правдата преку обезбедување ефикасна и транспарентна постапка. Анализирајќи ги придобивките од изминатите декади, Европската комисија за ефикасност на правдата го нагласува значењето од воведувањето на современите информатички технологии во правосудството, кое треба да се оствари со заемна соработка на државите. Целите на е-правдата може да се остварат преку воведувањето на дигитализацијата во насока на подобрување на пристапот до правдата, а без притоа да се нарушат фундаменталните принципи на правниот систем. Ова всушност се и предизвиците од воведувањето на технологијата во правосудството, во сите негови сегменти - беше нагласено на конференцијата.

Андре Потоцки, судија во Европскиот суд за човековите права и поранешен потпретседател на комисијата, вели дека Европската комисија за ефикасност на правдата (CEPEJ) како силна и продуктивна институција ги истакнува прашањата што имаат клучна улога во подобрувањето на современите правосудни системи. Помеѓу нив е и она за информатичката технологија во контекст на ефикасноста на судството како еден од принципите на владеењето на правото што ги штити Европската конвенција за човековите права.

Од аспект на конвенцијата и на Советот на Европа со чија резолуција е основана комисија, значајно е и мислењето број 13 на консултативниот состанок на европските судии, во кое се вели дека извршувањето на судските одлуки треба да биде брзо и делотворно.

Делотворното и ефективното извршување на обврзувачка судска одлука, констатираат европските судии, претставува основен елемент на владеењето на правото. Извршната постапка мора да се спроведува во согласност со основните права и слободи, во смисла на Конвенцијата за заштита на човековите права. Ефикасноста на судството и на извршувањето на судските одлуки неминовно е поврзано и со употребата на информатичките технологии, особено во поглед на пристапот до правдата и брзината и квалитетот на постапките.

Во таа насока, и Агенцијата за темелни права на Европската Унија го акцентира значењето на правото на пристап до правдата, кое го вклучува и правото на извршување на судските одлуки. Неизвршувањето на пресудите, истакнуваат од агенцијата, може неоправдано да го загрози пристапот до правосудството, што е во спротивност со Европската конвенција.



Фото: Дарко Андоновски

Според Мишо Докмановиќ, професор на правниот факултет „Јустинијан Први“, прашањето за употребата на информатичката технологија и концептот на е-правдата е мошне актуелна и корисна тема. Треба да се нагласи, вели Докмановиќ, дека исклучително значајна улога, која во развојот на правото е поврзана со информатичката технологија, играат меѓународните организации, како што е и случајот со CEPEJ.

- Несомнено, користењето на информатичката технологија отвора широки можности за унапредување на работа на правосудните органи. Информатичката технологија во судството покрај заштедата на време и средства ја зголемува транспарентноста и ефикасноста на судските институции - нагласува Докмановиќ.

Европската комисија за ефикасност на правдата, смета универзитетскиот професор и судија д-р Лазар Нанев, не случајно ја истакнува ефикасноста на судството и извршувањето на судските одлуки. И тоа гледано низ призмата на човековите права. Во денешно време, нагласува професорот, пристапот до правда без информатичките технологии и концептот на е-правда едноставно е незамислив, како од поглед на примената на процесните закони, така и од поглед на извршувањето на судските одлуки.

- Како што впрочем се определува и во меѓународната регулатива, информатичката технологија има огромен и единствен придонес за пристапот до правдата. Но и за нејзиното ефектуирање во смисла на експедитивноста на една постапка и извршноста на судските одлуки. Наедно, информатичката технологија значи и транспарентност, што пак е суштинска за правната сигурност - вели Нанев.

Покрај олеснетиот пристап до судската правда, професорот додава дека информатичките технологии го олеснуваат и пристапот до административната правда. Во таа насока, важен сегмент на е-правдата е електронското поврзување на институциите како начин за надминување на административните бариери и воспоставувањето комуникациска врска со која институциите ќе бидат поефикасни.

Електронската јавна администрација, образложуваат од Министерството за администрација и информатичко општество, значи постоење на поедноставени процеси во институциите, базирани на користење модерна информациска и комуникациска технологија и помеѓу институциите, граѓаните и бизнисот. Ваквата комуникација придонесува електронските услуги и информации да бидат поевтини и поквалитетни за граѓаните.

- Практичната примена на новиот Закон за општата управна постапка во делот на електронското поврзување на институциите ќе обезбеди поефикасна и поекономична постапка, посебно во делот на работата со предметите и размената на документите помеѓу институциите - вели Југослав Ѓорѓиевски од Министерството.

За професорката по управно право Ана Павловска-Данева од правниот факултет „Јустинијан Први“, електронското поврзување на институциите во поглед на целите на Законот за општата управна постапка, претставува одлична идеја што би довела до ефикасност на постапките. Но сепак, како што нагласува професорката, најважно е прашањето како таа идеја ќе се оствари низ практиката и колку институциите се подготвени за тоа.

Од аспект на извршувањето, од Комората на извршители велат дека новиот Закон за општата управна постапка детално ги регулира постапките за извршување на управните акти.

ЗОУП прави дистинкција помеѓу извршувањето на непаричните обврски во управна постапка и присилното извршување на управни акти што гласат на исполнување парични обврски, каде што законот изречно предвидува надлежност на извршителите за спроведување на извршување на паричните побарувања, што од друга страна е во целост во согласност со предвиденото во новиот Закон за извршување.

За да се постигне зголемена ефикасност и непречено спроведување на извршувањето, извршителот има право на пристап до сите информации и податоци од работодавецот, банките, јавните книги и регистрите за конкретниот должник. Исто така, во новиот Закон за извршување се предвидува и обврска за задолжителна електронска комуникација на извршителот со катастарот со што значајно ќе се скрати времето за вршење на уписи во катастарот, но и прибирање податоци од него, со што ќе се зголеми ефикасноста на постапувањето, и ќе се намалат трошоците.

Во новиот Закон за извршување предвидено е и евидентирање на налогот за извршување во трговскиот регистар и на записникот за попис на подвижни предмети во Заложниот регистар.

Овие законски новини, посочуваат од Централниот регистар, ќе се реализираат и во рамките на досегашната практика на користењето на податоците од базите на Централниот регистар од страна на извршителите по електронски пат и преку интернет-дистрибутивниот систем на регистарот. Водичот на добри практики во извршувањето на CEPEJ нагласува потреба од обезбедување квалитет на постапките за извршување и ефикасност на извршувањето, а во врска со прашањата за пристапот до информации за имот, потрагата по имот и испитувањето на обврските на должникот.

Наедно, пристапот до информациите и податоците од страна на извршителите како значајно прашање е глобално декларирана заложба на Меѓународната унија на извршители. Истиот сегмент е акцентиран и од програмата на Европската комисија за ефикасност на правдата, во делот зголемувањето на ефикасноста на извршителите. Ваквата ефикасност на извршителите, се образложува во програмата, и е една од гаранциите за ефикасноста на судството, е-извршувањето како сегмент на е-правдата е фактор што придонесува преку забрзаната извршна постапка да се остварат целите на ефикасноста.

- Новите информатички технологии се неопходност во една извршителска канцеларија. Не треба да се заборави дека користењето на информатичката технологија ја наметнува и потребата од безбедност и заштита на таа технологија, особено на информациите и податоците што ги користат извршителите во своето работење - вели Јос Уитдехааг, прв квестор на Комитетот на Меѓународната унија на извршители.

Потребно е, додава познатиот холандски експерт, да се следат современите трендови на е-правдата од аспект на организацијата на извршителската канцеларија исто како што се следат и современите трендови во законите за извршување на различните држави, кои мора да го следат принципот на баланс помеѓу учесниците во извршната постапка.

Во поглед на решенијата во новиот Закон за извршување, од Министерството за правда велат дека новиот закон ги следи глобалните и европските трендови во сферата на правосудството и на современото извршување и во таа смисла, и на трендовите на е-правдата. Сите овие придобивки од новиот закон, нагласуваат од Министерството, ќе имплицираат позитивни последици за сите учесници во извршната постапка. Станува збор за побрз, поедноставен, поекономичен и поефикасен начин со кој ќе се остварат правата и интересите.

Од Комората на извршители посочуваат дека еден од нивните идни предизвици ќе биде и електронското поврзување со регистарот на корисници на права, кои произлегуваат од социјалната заштита, а се во согласност со правилникот за начинот на водење и содржината на евиденцијата за корисниците на правата од социјална заштита и документацијата за стручната служба.

Потребата од применувањето на новите информатички технологии од страна на институциите во контекст на извршувањето го истакнуваат и од Меѓународната унија на извршители. Државите, нагласуваат од унијата, мора да ги применуваат новите технологии и да дозволуваат соработка помеѓу професионалците што се занимаваат со извршување, како на национално, така и на меѓународно ниво.

Во таа смисла и Советот на Европа препорачува дека известувањата до страните во врска со извршување на судските одлуки или извршните наслови или други документи, се суштински аспект на правото на извршување. Навременото известување на странките е неопходен елемент на фер постапките од аспект на Европската конвенција за човековите права.

Употребата на новите информатички технологии и концептот на е-правдата се нагласува и од страна на Европската Унија, која, пак, во рамките на алтернативното решавање на споровите, препорачува и решавање на споровите преку Интернет, особено во доменот на трговското и на потрошувачкото право. Ваквите платформи, велат од ЕУ се ориентирани кон граѓанинот и со нив ќе се зајакне единствениот дигитален пазар.

Покрај укажувањата на Европската Унија за алтернативното решавање на споровите како поефикасен пристап до правдата, Меѓународната унија на извршители го нагласува и значењето на пријателското намирување на долговите. Еден од таквите модалитети за поефикасен пристап до правдата е и вонсудската наплата на долгови по основа на веродостојна исправа, која е предвидена и во новиот Закон за извршување.

Страницата е подготвена во соработка со Комората на извршители на РМ.
Инфо и контакт: 02/3239 877 e-mail: kirm@kirm.mk